# РАБОТНА СРЕДБА СО ПРЕТСТАВНИЦИ НА КАНЦЕЛАРИЈАТА ЗА РЕВИЗИЈА НА СИСТЕМОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО СРЕДСТВАТА НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА ВО РЕПУБЛИКА СРБИЈА, ФЕВРУАРИ 2016 ГОДИНА

На 26.02.2016 година во просториите на Ревизорското тело за ревизија на ИПА во Република Македонија, остварена е работна средба со претставници од Канцеларијата за ревизија на системот за управување со средствата на Европската Унија во Република Србија, на која присуствуваа раководителите на двете институции, како и претставници од секторите за ревизија на ИПАРД.

Цел на работната средба беше споделување на искуство за воспоставување на соодветна организацијата на ревизорско тело за непречено извршување на делегираните задачи и одговорности, како и пренесување на искуствата и добра пракса која ја има Ревизорското тело на Република Македонија при спроведување на ревизии од областа на Руралниот развој (ИПАРД 1) во рамки на ИПА.

Во текот на средбата од страна на одговорните ревизори за ревизија на ИПАРД во Република Македонија беше презентирана методологијата која се применува при спроведување на ревизиите, начинот на организација на ревизорските екипи, начинот на распределба на активностите, листите за проверка кои се подготвени и кои се користат при ревизиите, како и начинот на комуникација со ревизорите од Генералниот Директорат за земјоделство и рурален развој при Европската Комисија и начинот на известување согласно пропишаната регулатива за спроведување на помошта од ИПАРД.

Беше договорено дека во интерес на двете страни е оваа соработка да продолжи во понатамошниот период и при спроведување на ИПАРД 2.